**359°**

– Мрежа за локални и субалтерни херменевтики

359° - E X P O™

[project_008_d]

# Сеќавање на еден идеалист

Славица Јанешлиева

**‛степен галерија’**

културна локација ‘МЕСТО’

Скопје, 24 октомври 2001



Во рамките на актуелните уметничките делувања во Македонија опфатени со поимот „приватни наративи“ опусот на Јанешлиева зазема значајно место. Согласно нејзините претходни проекти, таа ја продолжува линијата на реисчитувањето на сопственото минато и минатото на својата фамилија настојувајќи да внесе поинакво светло во односот кон нив.

Но, овој пат повикувањето на минатото се поставува вон од личното, или, поточно, поставувајќи го проблемот на идеологијата Славица Јанешлиева низ приватниот дискурс излегува во доменот на општото, односно јавното. Проектот „Сеќавање на еден идеалист“ во себе содржи двосмисленост којашто потекнува од двојноста на толкувањето на „сеќавањето“. Во една смисла Јанешлиева сеќавањето го поставува како нејзина актуелизација на идеалистот, кој, пак, самиот прави сеќавање на некои ситуации и настани од неговиот живот. Токму оваа актуелизација на идеологичноста на дејствувањата на „идеалистот“ и неговите сеќавања за нив го отвора темелниот дискурс на овој проект: проективноста како цел и неговата завршница. Упатното толкување на оваа проективност може да се најде во определувањето на поимот на идеологијата којшто го разработува Бранислав Саркањац во неговата книга „Идеологијата и субјективитетот“ во која тој идеологијата ја разграничува (и со тоа доуточнува) на еидологија и идеелогија.

Фотографско-објектно-текстовниот триптих на Јанешлиева ги поседува елементите на ова толкување: еидолошкото се пројавува во делот со предвоената фотографија од излетот на македонските напредни студенти близу Белград пред којашто е поставен Орденот за труд од трет ред, идеелошкото се пројавува во делот со фотографијата на Јанешлиева како пионер пред којашто е поставена патната торба на идеалистот во којашто се чувани неговите записи и белешки, додека дискурсот за идеолошкото (како севкупност на еидолошкото и идеелошкото) е прикажан во делот со фотографијата на закопот на идеалистот пред којашто е поставена акумулацијата од „Собраните дела“ на Ј. Б. Тито. Сите три дела се поврзани со копии од соодветни текстови на идеалистот: првиот дел со текст за прославата на 1 мај 1949, вториот со текстот „Меѓу првите задачи“ и третиот со текстот „Грижа за луѓето“.

Вонредно проникливото и повеќеслојно поврзување коешто го прави Јанешлиева со овој потег во потполност го опфаќа проблематизирањето на односот на идеологијата и субјективитетот: еидолошкото (како отслик на стварноста) на идеалистот се преобликува во идеелошко (како влијание на идеите врз светот на стварите) коешто го проживува Јанешлиева и завршува со идеолошкото „спакувано во собрани дела“ (како метафора за еден завршен, заокружен, исцрпен опус).





Портретот на идеалистот направен со семе од афион тавтолошки (можеби поточно семиолошки) ја преповторува неговата песна „Афион“ во којашто проективноста е содржана во целиот свој обем. Идеологичниот аспект на ваквата проективност се проследува и во последниот допишан и никаде до сега необјавен стих „Ама ќе дојде ден...“, но, уште повеќе, тоа е присутно во сликовно-објектно-текстовниот диптих којшто се однесува на закопувањето на текстовите и примерокот од „Белите мугри“ со лична посвета до идеалистот. Фактот дека идеалистот по завршетокот на војната не успева да ги најде станува телеолошкиот елемент на проективноста. Овој аспект на идеолошкото ја одразува неговата идеотелија. Или како што пишува Саркањац: „на идеологијата како идеелогија и е инхерентна идеотелија, односно таа секогаш понудува (или принудува на) определена *цел*, *τέλος* на општеството (телеологија), која е секогаш во иднината“. Јанешлиева со изборот на овој дел од сеќавањата на идеалистот (непронаоѓањето на закопаното) го искажува не само метафорично и симболички својот став спрема идеологијата, туку таа децидно и го одредува.

Оттука, приватното искуство на Јанешлиева со една одредена идеологија, идеологија којашто е проживеана, е искористено проблемот на истражувањето да се подигне или премести на општо рамниште. Преобразбата на приватното во јавно, пак, ја одредуваат двојноста на овој проект како двојност во којашто приватното и јавното сосема ја надминуваат и со тоа запоставуваат приватноста и неговата табуизација, но едновремено сепак остануваат конституенси на проектот. Според тоа, убедувањето на идеалистот (колку и да е идеологизирано) за нужноста од застапување и заземање за македонската кауза (како потполна приватност) со ова појавнување преминува во сферите на воспоставувањето критички дискурс на Јанешлиева кон нејзината тековна стварност. Проектот сам по себе не претставува критика на односната идеологија на идеалистот, колку што е критика на тоа што денес се случува со резултатите или придобивките на/од неговото застапување и заземање за каузата.

Таквата критика отвора специфични, но и суштински прашања за односите со општественото во кои, наместо отворениот милитантно-критички дискурс кон идеологијата и идејата за проективноста, се појавува естетизиран критички дискурс кон општественото како експонент на јавното. Со тој момент Јанешлиева ја одредува и исполнува смислата и функцијата на уметничкото делување и на уметникот сво денешницата – смисла којашто имплицитно бара заземање на став во однос на општествената стварност.


1913-1990

## Славица Јанешлиева


Родена во Скопје, 1973 година. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1996 година, во класата на проф. Зоран Јакимовски, отсек графика. Магистрирала 1998 година на истиот факултет, на отсек графика, под менторство на проф. Димитар Малиданов. Член на ДЛУМ од 1997 година.

Адреса: Франц Прешерн 159, 1 000 Скопје

Т: 364 432; 342 239; Е: slavica_jane@yahoo.com


**Самостојни изложби:**

**2001** - Братислава, Словачка, "Раскажување приказни" и видео перформансот "Сите мои велосипеди", Галерија "Open"
**2000** - Босвил, Швајцарија, "Раскажување приказни ", Капела на Kunstlerhaus Boswil
**1999** - Скопје, "Небомантија", CIX Галерија
**1998** - Скопје, Графичка инсталација "Писма", Отворено графичко студио
**1997** - Скопје, Графики - со проектот "Трло", (со А. Стојковиќ), Галерија при МКЦ
**1996** - Битола, Изложба на графики (со А. Поповски и О. Мусовиќ), Уметничка галерија

**Селектирани групни изложби:**

**2001** - Скопје, 5 Биенале на младите уметници, Музеј на современа уметност
- Скопје, "Озарување на местото" ("Shining the site"), public art, централно градско подрачје
- Скопје, "Лаф муабет" ("Small Talk"), Музеј на современа уметност
- Рим, Италија, 5 Современи македонски графичари, Галерија Cvadrato di Omega
- Скопје, "Совршен избор" ("Perfect Match"), изложба на public art проекти, Градски трговски центар
**2000** - Алмати, Казахстан, "Комуникација. Искуство на интеракцијата", Бизнис центар на Алмати
- Битола, III Интернационално графичко триенале
- Скопје, Графички експеримент 2, Отворено графичко студио
- Шамаље, Франција, 5 Светско триенале на графики мал формат, Association Mouvement Art Contemporain
- Париз, Франција, Artist(s) in Residence (учество во проектот на Лучезар Бојаџиев), L'autre moitie de l'Europe, Jeu de Paume
**1999** - Трст, Италија, MATRIX, Trieste Contemporanea
- Скопје, Првото Peep-show во градов, CIX Галерија
- Фрехен, Германија, 12 Германска меѓународна изложба на графика
- Коши-ши, Јапонија, 4 Изложба на Интернационалното Триенале на Графики
**1998** - Струмица, ИЗБОР '97, во организација на AICA, Уметничка галерија
- Белград, Југославија, 5 Биенале на графика Белград '98 - меѓународна изложба, Уметнички павиљон Цвијета Зузориќ
**1997** - Скопје, Графички експеримент, Отворено графичко студио
**1995** - Скопје, Чифте Амам (инсталации) - Скопско лето '95

**Награди:**

**2001** - Скопје, 5 Биенале на младите уметници - Grand Prix
**2000** -Битола, 3 Интернационално графичко триенале - Откупна награда за најдобар млад графичар
- Скопје, Ревијална изложба на ДЛУМ - Откупна награда од фондацијата Ратко Несторовски - Кинес
**1998** - 28 графичка изложба на ДЛУМ - Откупна награда на НУБ
**1997** - СIАБ' 97, Скопје - II награда


Претставувањето, како дел од проектот 'Redifining Cultural Discourses', е реализирано со финансиска поддршка на:

PRO HELVETIA

Arts Council of Switzerland
Cultural Exchange East - West
Under the auspices of the Swiss Agency for Development and Cooperation

издавач: 359⁰ - Мрежа за локални и субалтерни херменевтики, Скопје;
за издавачот: Небојша Вилиќ; организација на проектот: Александра Зиновски - Вилиќ;
обликување: 'one degree design'; биографски податоци: Славица Јанешлиева;
текст: Небојша Вилиќ; тираж: 100 копии;


© 2001 359⁰ - NfL&SH и авторите.


Јанешлиева